АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Декември 2024** **Бр.12**

## Одржан четвртиот јавен состанок на АВМУ за 2024 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25 декември го одржа последниот јавен состанок за 2024 година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, како и изречените мерки јавна опомена за оние субјекти кои ги прекршиле Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На настанот беа споменати и активностите поврзани со меѓународната и европска соработка, покренатите постапки за одземање на дозволи за за радиодифузерите, одлуките за објавување на јавен конкурс за доделување на дозволи за радио емитување и др. Презентацијата за реализираните активности согласно Годишната програма за работа за периодот октомври – декември 2024 е достапна на линкот.

## Одржана работилница за унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите



Во организација на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5 декември се одржа работилница на тема „Унапредување на известувањето за родово-засновано насилство во медиумите. Работилницата беше наменета за медиумски работници од локалните радија и телевизии и на неа присуствуваа и други професионалци од областа.

*Родовите стереотипи се комплексен општествен феномен, кои ја попречуваат родовата еднаквост, ги засилуваат штетните дискурси во медиумите и во општеството во целина и се повод и за родово засновано насилство. Медиумите и медиумските професионалци, имаат особено значајна улога и одговорност за подигање на свеста за родовите прашања и за промовирање на родовата еднаквост*, истакна директорот на АВМУ, д-р Зоран Трајчевски на почетокот на настанот.

Александра Богдановска од Советот на Европа ја нагласи важноста на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“, во рамки на кој се реализираше работилницата и им се овозможува на институциите корисници и на граѓанските организации во земјава да напредуваат кон исполнување на нивните реформски агенди во областа на слободата на изразување и слободата на медиумите, во согласност со европските стандарди. За националната легислатива и системот за заштита на жртви од родово засновано насилство говореше Ана Нушкова – Аврамовска, правна советничка во Националната мрежа против насилство врз жената и семејно насилство, додека експертката за медиуми д-р Марина Тунева пред присутните го образложи Прирачникот за родово сензитивно известување во медиумите чија цел е да им помогне на медиумите во нивните заложби за професионално известување на родово сензитивен начин, а со тоа и да се обрне внимание на проблемот со родово засновано насилство.

Драгана Дрндаревска, членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, говореше за меѓусекторскиот пристап во третирањето родово засновано насилство, потоа за важноста на новинарското известување и начинот на врамување на темите поврзани со семејното и родово базираното насилство, родовата еднаквост, ЛГБТИ заедницата, како и за потребата да се води сметка за интерсекционалноста на дискриминацијата, односно ситуациите во кои една личност е дискриминирана по повеќе основи. Водичот на Агенцијата за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите, беше презентиран од неговата авторка проф. др. Катарине Сарикакис од Универзитетот во Виена. Документот е наменет да даде јасни стандарди и критериуми насочени кон оценување дадена содржина при известување околу родово засновано насилство, кои истовремено можат да им послужат на медиумите како патоказ за разрешување на дилемите при информирањето. Емилија Петреска – Камењарова од АВМУ, при модерирањето на настанот, потсети дека медиумите играат важна улога во формирањето на општествените ставови и вредности и нудат огромен потенцијал да бидат инструмент за општествени промени.

## Отворена јавна расправа за Нацрт-правилник за регистрирање на давателите на услуги по платформа за споделување видеа

Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 12 декември усвои Нацрт-правилник за регистрирање на давателите на услуги по платформа за споделување видеа. Со овој подзаконски акт се уредуваат формата и содржината на образецот на пријавата и на Регистарот на даватели на услуги платформа за споделување видеа, кој ќе се води во Агенцијата.

Агенцијата ги повика сите заинтересирани страни, со свои мислења и предлози да учествуваат во јавната расправа и истите во писмена форма да ги доставаат по електронски пат на е-адресата contact@avmu.mk. Јавната расправа трае заклучно со 13 јануари 2025 година.



# NEWSLETTER

## Надзори врз радиодифузери

Агенцијата спроведе редовен административен и програмски надзор врз Радио Марија Благовест од Струмица, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9 од Скопје, Универзитетско Радио УКЛО ФМ од Битола и Универзитетско Радио УГД ФМ од Штип, за повеќе законски обврски - употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 4 часа програма на радио, објава на импресум, објава на информации кои треба да се направат достапни до корисниците, објава на идентификација на радиодифузерот, правилата за емитување аудио комерцијални комуникации, обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа. Агенцијата утврди дека врз радијата Студент ФМ 92.9 и УГД ФМ од Штип не може да биде спроведен надзор, бидејќи радиодифузерите немаат емитувано никаков вид програма со новинарски и уреднички ангажман. Редовен административен надзор за исполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е извршен врз ТВ – Канал Вис од Струмица. Надзорот покажа дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови, односно одговорниот уредник не е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот.

Извршени се и контролни надзори врз повеќе радиодифузери. Врз ТВ Компани 21-М,Радио Зона М-1, ТВ Сител и ТВ Сонце контролен програмски надзор е спроведен за обврската за употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите, емитување најмалку 30% музика на македонски јазик во периодот од 06:00 до 00:00 часот, од вкупно емитувана музика во анализираното деноноќие и заштита на малолетните лица од програми што би можеле да наштетат на нивниот физички, психички или морален развој. При надзорот беше констатирано дека радиодифузерите постапиле согласно обврските од ЗААВМУ.
Врз ТВ КТВ, ТВ ЕДО и ТВ Шења извршен е контролен програмски надзор за обврските за емитување програма на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница, и за обврската за дневно емитување 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека радиодифузерите постапиле согласно обврските од ЗААВМУ.
Контролен програмски надзор за обврската за заштита на малолетните лица од програми што би можеле да наштетат на нивниот физички, психички или морален развој е извршен врз ТВ Шења, ТВ Компани 21-М и ТВ Клан Мацедониа. При надзорот беше констатирано дека на програмата на ТВ Компани 21-М е емитувана играна програма со неправилна примена на предупредувачката сигнализација за програмата од втора категорија (8+), додека ТВ Шења делумно постапила по решението за изрекување мерка јавна опомена. Контролен административен надзор е извршен врз ТВ Канал Вис од Струмица, за да се утврди дали ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови од овој Правилник, поради што му беше одземена дозволата за ТВ емитување.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 44-та седница одржана на 5 декември, поради непочитување на одредби од ЗААВМУ изрече три мерки јавна опомена. Мерка јавна опомена на ТВ Едо е изречена заради неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, на ТВ КТВ заради непочитување на правилата за употреба на јазикот во програмата, додека на ТВ Стар поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика.

Советот на Агенцијата на 46-та седница одржана на 25 декември, поради непочитување на одредби од ЗААВМУ и Законот за медиуми, изрече повеќе мерки јавна опомена за пет радиодифузери. На ТВ Њуз и се изречени четири мерки јавна опомена поради неемитување најмалку 30% програма како македонски аудиовизуелни дела, необезбедување на информации кои треба да се направат достапни до корисниците, необјавување податоци за импресум на неколку програми и за погрешно означување и недоволна сигнализација за заштита на малолетни лица во неколку емитувани програми. Мерки јавна опомена на ТВ Дуе и се изречени поради неемитување на законскиот минимум програма како македонски аудиовизуелни дела, за необезбедување превод од странски емисии на албански јазик и за несоодветна сигнализација и временско емитување на програми од четврта категорија. На ТВ Протел мерка јавна опомена и е изречена поради погрешна класификација и недоволна сигнализација за заштита на малолетни лица при емитување на игран филм, на ТВ Спектра поради несоодветно означување и временско емитување на играни филмови, додека на ТВ Свет поради неправилна предупредувачка сигнализација пред емитување на документарни и играни филмови.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018